Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и имликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2402-80/3 од 16.5.2013 год., донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 16.5.2013 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник од наставно-научната област *книжевност за деца* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Комисијата работеше во состав:

– проф. д-р Блаже Китанов, редовен професор од Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – претседател;
– проф. д-р Мито Спасевски, редовен професор на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје – член;
– проф. д-р Виолета Димова, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 30 април 2013 година и во предвидениот рок се пријавила кандидатката доц. д-р Јованка Денкова- доктор по филолошки науки, вработена како доцент на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Р. Македонија. Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесуваме следниов извештај

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **доц. д-р Јованка Денкова** е родена на 20 јуни 1974 во Штип каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ - Скопје на групата Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик.

Во 2005 година магистрира на групата Македонска книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески и се стекнува со звање магистер по филолошки науки. Магистрира на тема „Чудесното и реалистичното во прозата на Глигор Поповски".

Во 2008 година одбранува докторска дисертација на тема „Фантастиката и научната фантастика во современата македонска проза за деца и младина" на групата Македонска книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и се стекнува со звање доктор по филолошки науки.

Во периодот од 2000 до 2007 година работи како професор по македонски јазик и литература во повеќе основни и средни училишта во Штип.

Од 2008 година работи на Филолошкиот факултет при УГД од неговото отворање во 2008 година како наставник на повеќе предмети и тоа: Народна книжевност, Европска цивилизација, Историја на македонската култура и цивилизација, Светска книжевност, Македонска книжевност во 19 век, Средновековна книжевност, Книжевност за деца и Македонска книжевност 15 - 18 век.

Исто така, работи и како продекан за настава на Филолошкиот факултет, во периодот 2009-2012 год. Таа е избрана во звањето доцент по филолошки науки во 2008 година. Во моментот на изборот ја извршува функцијата в.д. декан на Филолошкиот факултет.

***Наставно-образовна активност***

Доц. д-р Јованка Денкова мошне успешно ги извршува своите наставни работни обврски како наставник по повеќе предмети од областа на македонската книжевност, македонската и европската култура и цивилизација. Во изминатиот изборен период од 2008 до 2013 год. таа ја изведува наставата по предметите: Народна книжевност (2+2+1), Средновековна книжевност (2+2+1), Македонска книжевност 15 - 18 век (2+2+1), Книжевност за деца (2+2+1), Светска книжевност (2+2+1), Историја на македонската култура и цивилизација (2+1+1), Европска цивилизација (2+1+1) и Македонска книжевност 19 век (2+2+1).

За потребите на наставата, по предметот Книжевност за деца, кандидатката доц. д-р Јованка Денкова објавува рецензирана скрипта „Книжевност за деца" и практикум „Практикум по книжевност за деца", чии објавени рецензии во Универзитетскиот билтен се дадени во прилог и за потребите на студентите се наоѓаат во Е-библиотека.

***Научноистражувачка активност***
***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на доц. д-р Јованка Денкова се презентирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови:

1. **Ј. Денкова**, (2008): „ЕДЕН АНТИУТОПИСКИ РОМАН", Современост, Скопје, бр.4, стр.148-154, 2008;
2. **Ј. Денкова**, (2009): „ФОЛКЛОРНА ФАНТАСТИКА КАКО ИНСПИРАЦИЈА", Современост, Скопје, бр.1, стр.153-160, 2009;
3. **Ј. Денкова**, (2009): „НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ПРОЗА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ", Зборник (тематски) од трудови од меѓународната научна конференција „Савремени тренутак књижевности за децу у настави и науци", 08.05.2009, Универзитет во Ниш, Учитељски факултет Врање, стр.74-81, 2009;
4. **Ј. Денкова**, (2009): „САВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА КЊИЖЕВНОСТ – СЛИКА ЈЕДНОГ БУРНОГ МЛАДАЛАЧКОГ ПОСТОЈАЊА", Детињство, Змајеве дечје игре, Нови Сад, бр.4, стр. 24-29, зима 2009;
5. **Ј. Денкова**, (2009): „ОСВЕЖИТЕЛЕН НАУЧНО-ФАНТАСТИЧЕН РОМАН ЗА МЛАДИ", Современост, Скопје, бр.3, стр.152-157, 2009;
6. **Ј. Денкова**, (2009): „ПЕПЕРУТ-СИМБОЛ НА ЉУБОВТА", Воспитание, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", год.6, бр.10, Штип, стр.141-144, 2009;
7. **Ј. Денкова**, (2009): „РЕЦЕПЦИЈА НА СРПСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА ВО МАКЕДОНИЈА", Зборник на трудови од Петтиот меѓународен интердисциплинарен симпозиум „Сусрет култура", Филозофски факултет, Нови Сад, кн.2, стр.1165-1172, 2009;
8. **Ј.Денкова**, (2009): „ЕКОЛОШКЕ КЊИГЕ ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ", Зборник трудови од научен собир „Škola u prirodi kao factor socijalizacije i mogučnost suzbijanja nasilja u školi", Учитељски факултет, Врање, 04.12. 2009, str.343-351;
9. **Ј.Денкова**, (2009): „СКАПОЦЕНА КНИГА ЗА НАЈМЛАДИТЕ", Зборник на трудови, Учителски факултет, Ужице, бр.11, стр.341-342, 2009. (рецензија);
10. **Ј.Денкова**, (2009): „ЖИВОТОТ СЕПАК Е УБАВ", Современост, Скопје, бр.3, стр.145-147, 2009.(рецензија);
11. **Ј.Денкова**, (2009): „КАРПЕСТАТА УМЕТНОСТ – ОСНОВА НА СВЕТСКАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА", Литературен збор, Скопје, бр.4-6, стр.127-128, 2009. (хроника);
12. **Ј.Денкова**, (2009): „ВОДИЧ НИЗ ЛАВИРИНТИТЕ НА ЖИВОТОТ", Литературен збор, Скопје, бр.4-6, стр. 116-119, 2009 (рецензија);
13. **Ј.Денкова**, (2009): „МОСТОВИ ОД СВЕТИСЛАВ РАКИЌ КАКО БЕСЕДА СО СЕБЕ", Литературен збор, Скопје, бр.1-3, стр.135-139, 2009 (рецензија);
14. **Ј.Денкова**, (2010): „ИЗМИШЉЕНИ ПРИЈАТЕЉИ У ДВА МАКЕДОНСКА РОМАНА ЗА ДЕЦУ", Детињство, Змајеве дечје игре, Нови Сад, бр.1-2, стр. 16-24, 2010;

15. **Ј.Денкова**, (2010): „ДЕТСКИТЕ ИЗМИСЛИЦИ И СТВАРНОСТА“, Литературен збор, Скопје, бр.1-3, стр. 143-146, 2010;
16. **Ј.Денкова** (2010): „ЕГЗОТИЗМОТ НА ВРЕМЕТО ВО НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА ЗА ДЕЦА“, Литературен збор, Скопје, бр.4-6, стр. 105-107, 2010;
17. **Ј.Денкова**, (2010): „ГУБЕЊЕТО НА ИДЕНТИТЕТОТ ВО МАКЕДОНСКАТА НАУЧНО-ФАНТАСТИЧНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ“, Зборник на трудови од научниот собир „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик, Јазикот и идентитетот“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, стр. 63-67, 2010;
18. **Ј.Денкова**, (2010): „ПЛЕТЕНКА ОД ФАНТАСТИЧНИ И РЕАЛИСТИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, бр.1, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.55-63, 2010;
19. **Ј.Денкова**, (2010): „ГЕНЕЗА МАКЕДОНСКЕ ФАНТАСТИЧНЕ ПРОЗЕ ЗА ДЕЦУ“, Зборник од научен собир „Савремена књижевност за децу у науци и настави“, Универзитет во Крагујевац, Педагошки факултет (Јагодина), стр.343-347, 2010;
20. **Ј.Денкова**, (2010): „МИТОЛОГИЈА КАО ИНСПИРАЦИЈА“, Зборник радова са шестог симпозиума „Васпитач у 21 веку“, Алексинац, стр.285-293, 2010;
21. **Ј.Денкова**, (2010): „DJETETOVA POTRAGA ZA LJUBAVLJU U PODRUČJU NADNARAVNOG“, Зборник на трудови од меѓународен научен собир „Zlatni danci 12 – Život I djelovanje Višnje Stahuljak“, стр. 265-271, 2010;
22. **Ј.Денкова**, (2010): „ДЕТЕ КАО ПРИПОВЕДАЧ И РЕЦЕПИЕНТ“, Зборник трудови од меѓународна интердисциплинарна стручно-научна конференција „Васпитно-образовни хоризонти“, Висока школа струковних студија за образовање васпитача, Суботица, стр.77-82, 2010;
23. **Ј.Денкова**, (2010): „ХУМАНИЗАМ ПРЕМА ЖИВОТИЊАМА КАО МОГУЋНОСТ ЗА ХУМАНИЗАЦИЈУ ДЕЧЈЕ ЛИЧНОСТИ“, Зборник трудови од научниот собир „Васпитање за хумане односе – проблеми и перспективе“, Универзитет во Ниш, Филозофски факултет –Ниш, 17-17.09.2010, стр.204-212;
24. **Ј.Денкова**, (2010): „БОИТЕ НА ЖИВОТОТ“, Современост, Скопје, бр.1, стр.172-174, 2010 (рецензија);
25. **Ј.Денкова**, (2010): „ХИМНА НА УБАВИНАТА НА ЖИВЕЕЊЕТО“, Современост, Скопје, бр.1, стр.175-176, 2010. (рецензија);
26. **Ј.Денкова**, (2010): „ДЕТСТВОТО КАКО НЕИСЦРПНА ИНСПИРАЦИЈА“, Литературен збор, Скопје, бр.1-3, стр.127-129, 2010 (рецензија);
27. **Ј.Денкова**, М.Челик, (2011): „ЗЛОБНАТА ЖЕНА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ СЕМЕЈНИ ПЕСНИ И МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА БАЛАДА“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, бр.2, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.75-83, 2011;
28. **Ј.Денкова**, В.Димова, (2011): „ГОВОРОТ НА ОМРАЗАТА И НЕТОЛЕРАНЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, бр.2, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, бр.2, стр.53-62, 2011;
29. **Ј.Денкова**, (2011): „МАКЕДОНСКА НАРОДНА КЊИЖЕВНОСТ У ПРЕДМЕТНОЈ НАСТАВИ У ОСНОВНОМ ОБРАЗОВАЊУ И ЊЕНА РЕЦЕПЦИЈА У РАЗЛИЧИТИМ УЗРАСНИМ ГРУПАМА“, Детињство, Змајеве дечје игре, Нови Сад, бр.2, стр.94-103, 2011;
30. **Ј.Денкова**, (2011): „ДИЛЕМАТА: ЕВОЛУЦИЈА ИЛИ ИНВОЛУЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ“, Современост, Скопје, бр.2, стр.99-105, 2011;
31. **Ј.Денкова**, (2011): „КИНДЕР КВАЧКА – ПРЕКРАСЕН ПРИМЕР ЗА ОНИРИЧКА ФАНТАСТИКА“, Современост, Скопје, бр.2, стр.195-202, 2011;
32. **Ј.Денкова**, (2011): „ENVIROMENTAL EDUCATION IN MACEDONIAN LITERATURE FOR CHILDREN AND JUVENILS AS A WAY OF HUMANIZATION OF CHILDREN’S PERSONALITY“, Procedia Social and Behavioral Sciences 15 (2011) 3158-3162;

33. **J.Denkova**, (2011): „ZA EDNA MOŽNA PARALELA MEĐU ČUDESNOTO VO MAKEDONSKATA I HRVATSKATA KNIŽEVNOST ZA DECA I MLADI", Зборник на трудови од третиот меѓународен симпозиум „Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze", Риека, Хрватска, 23-25.03.2011, str.45-52;
34. **J.Denkova**, (2011): „FANTAZMAGORIJE ILI STVARNOST NAUČNE FANTASTIKE ZA DECU", Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „Zlatni danci 1-Suvremena dječja književnost", Филозофски факултет, Осиек, 7 април 2011, str.115-121;
35. **J.Денкова**, (2011): „ИНТЕРЕСЕН СПЛЕТ НА ЖИВОТНИ ПОРАКИ И МУДРОСТИ", Зборник трудови од седмиот симпозиум со меѓународно учество „Васпитач у 21 веку", Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, 25-26.03.2011, стр.730-732. (рецензија);
36. **J.Денкова**, (2011): „DOBRONAMJERNA I INOVATNA KNJIGA O SVIJETU NAJMLAĐIH", Književno pero, broj VIII i IX, 2011/12, str.101-104. (рецезија);
37. В.Димова, **J.Денкова,** (2011): „КОМУНИКАЦИЈАТА УЧЕНИК ЛИТЕРАТУРНО ДЕЛО НАСТАВНИК, ОСНОВА НА СОВРЕМЕНИТЕ ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА ПО ЛИТЕРАТУРА", Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, бр.2, стр.11-18, 2011;
38. М. Челик, **J.Денкова**, (2011): „ДЕЦАТА НА ТУРСКАТА ЗАЕДНИЦА И ТУРСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, бр.2, стр. 39-43, 2011;
39. M.Celik, **J.Denkova**, (2011): "DIJETE, OBRAZOVANJE I LITERATURA", Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „Zlatni danci 1-Suvremena dječja književnost", Филозофски факултет, Осиек, 7 април 2011, str.7-12;
40. **J.Денкова, (2012):** „ТОМ СОЈЕР И ПИПИ ДУГА ЧАРАПА-СИМБОЛИ САЗРЕВАЊА И СЛОБОДЕ ДЕТЕТА", Детињство, Нови Сад, бр.2, лето 2012, стр.61-68;
41. **J.Денкова**, (2012): „ТОМ СОЕР И ХАКЛБЕРИ ФИН- СИМБОЛ НА ЖЕЛБАТА НА ДЕТЕТО ЗА СЛОБОДА И САМОСТОЈНОСТ", Современост, бр.2 (септември), стр.100-106;
42. **J.Денкова,** М.Челик (2012): „ОЧЕРКИ БЕЛГРАДА" ОД КОНСТАНТИН ПЕТКОВИЧ – АВТЕНТИЧНО СВЕДОШТВО ЗА МЕШАЊЕТО НА КУЛТУРИТЕ НА БАЛКАНОТ", Годишен зборник на Филолошки факултет, год.3, вол.3, стр.197-201.
43. М.Челик, **J.Денкова** (2012): „ТВОРЕШТВОТО НА ХУСЕЈИН СУЛЕЈМАН ВО КОНТЕКСТ НА ЦЕЛОКУПНАТА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА", Годишен зборник на Филолошки факултет, год.3, вол.3, стр.217-222;
44. **J.Денкова**, М.Челик, (2013): ПАРАБОЛА ЗА САМООДРЖУВАЊЕТО И ОПСТАНОКОТ", Зборник трудови од VIII симпозиум „Васпитач у 21 веку", Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, стр.482-490;
45. М.Челик**, J.Денкова** (2013): ЕСТЕТСКОТО ДОЖИВУВАЊЕ ВО РАСКАЗИТЕ ЗА ДЕЦА",Зборник трудови од VIII симпозиум „Васпитач у 21 веку", Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, стр.476-481.

***ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ НА ДОЦ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД 2008-2013 ГОД.***

1. Во трудот „**Еден антиутописки роман**" авторката се осврнува на научнофантастичниот роман „Вечниот Таниз" и потенцира една важна тема на научнофантастичната книжевност, според која над човештвото се надвиснува катаклизма, која не произлегува ниту од вонземна цивилизација, ниту од роботите, како продукти на човекот. Имено, опасноста постои заради гаснење на човековиот род заради недоволна употреба на неговите потенцијали што доведува до гаснење на неговите биолошки потенцијали.
2. Во трудот „**Фолклорната фантастика како инспирација**" авторката на трудот се осврнува на делото „Седмичка малата вештеричка", користејќи ги елементите на фолклорната традиција транспонирани во/низ сказната, каде што нашле погодна почва.

3. Во трудот „**Научната фантастика во современата македонска проза за деца и млади**" се прави осврт на скромниот корпус на научнофантастични романи во современата македонска проза за деца и авторката на трудот покажува дека македонската научно-фантастична книжевност за деца и млади, сепак, покажува приврзаност кон современите текови во европската и светската научнофантастична литература за деца и млади.
4. Во трудот „**Савремена македонска књижевност за децу-слика једног бурног младалачког постојања"** авторката на трудот покажува дека македонската литература за млади во чекор ги следи современите движења во книжевноста. Воедно, таа без грешка го ослушнува пулсот на современоста во која младиот човек се бара себеси и грчевито се бори за своето место во современото бурно живеење. Авторката ги открива сите опасности кои ги следат младите во актуелните бурни социјално-семејни односи низ може да заскита младата детска душа. Истовремено, се укажува и на начините на кои младиот човек може да се сочува од сите неизвесности и можни замки.
5. Во трудот „**Освежителен научнофантастичен роман за млади**" авторката на трудот уште еднаш се осврнува на едно научнофантастично дело од македонската книжевност за деца и млади (романот „Авантурите на Марко и Дамјан" од Мирко Зафировски) во кое се присутни скоро сите теми присутни во научната фантастика како жанр.
6. Во трудот „**Пеперут-симбол на љубовта**" авторката на трудот се осврнува на проблемите на младите и она што ги интересира, проблеми и дилеми кои ги мачат, односите родители-деца, односите меѓу младите, во и вон училиштето. Преку романот „Летачкиот човек Пеперут", кој е роман-слика за современиот живот на младите во време на модерната технологија, интернетот, мобилните телефони. Во него се прикажани искушенијата на урбаното живеење, негативните појави, ситниот криминал... Посебна вредност и привлечност на романот претставува младешкиот (тинејџерски) жаргон кој е многу сликовит, интересен и актуелен.
7. Во трудот „**Рецепција на српската литература за деца во Македонија**" авторката на трудот преку репрезентативни примери од српската книжевност за деца и млади прави обид да ја детектира присутноста, застапеноста на српската книжевност за деца во библиотеките, основните училишта, како и на педагошките и филолошките факултети во Р.Македонија и покажува дека нејзината присутност е голема што се должи на фактот дека оваа книжевност е блиска по дух и сензибилитет и на младите читатели од Р.Македонија.
8. Во трудот „**Еколошке књиге за децу и младе**" авторката на трудот преку есхатолошките теми или темите за уништувањето на светот, дела наменети за младите читатели од Лилјана Белева и Стојмир Симјановски, имплицира дека постоењето на еколошката криза може отворено да се поврзе со постоењето на духовната криза. Имено, во некои дела од научнофантастичен тип како во овие романи експлицитно се кажува дека општеството кое духовно е деградирано предизвикува деградација и во природата.
9. Во рецензијата „**Скапоцена книга за најмладите**" авторката зборува за стихозбирката од познатиот српски писател за деца и млади Миомир Милинковиќ, насловена како *Краљевство за детињство*. Авторката на трудот на виделина ја изнесува способноста на децата да мечтаат, да фантазираат и со помош на својата неисцрпна фантазија да го пресоздаваат светот.
10. Во рецензијата „**Животот сепак е убав**" се разгледува еден младешки роман за млади низ кој како златна нишка се провлекува сознанието дека единствено активистичкиот и витален однос кој животот е единствениот начин да се осознае неговата убавина. Воедно, авторката ја застапува идејата дека спортувањето е начинот на кој на младите можат да им се отворат нови, поубави перспективи, да не се оддадат на безделничењето, а најважно од сè, преку спортот им се дава можност да се осознаат себеси, да застанат цврсто пред дилемите кои им ги наметнува животот и никогаш да не се предаваат.
11. Во хрониката „**Карпестата уметност – основа на светската писменот и култура"**авторката дава приказ на активностите поврзани со организирањето на

собирот за карпеста уметност во септември 2009 година, во Штип. Притоа, авторот на рецензијата посочува дека карпестата уметност и палеолингвистиката укажуваат на фактот дека во далечното минато светот го почнал својот цивилизациски развој на ист начин на сите населени континенти.

12. Во рецензијата „**Водич низ лавиринтите на животот**“ авторката на трудот преку романот *Бубреже* посветува внимание на сите оние адолесценти, кои го преживуваат најубавиот, а воедно и најбурниот период од својот живот.
13. Во рецензијата „**Мостови од Светислав Ракиќ како беседа со себе**“ авторката на трудот проговорува за структурните и тематски одлики на поезијата на Светислав Ракиќ, потенцирајќи дека љубовта е најголемиот, најцврстиот мост кој човековото срце може да го изгради и да постои за вечни времиња.
14. Во трудот „**Измишљени пријатељи у два македонска романа за децу“** се зборува за една фантастична постапка која се користи во книжевноста за деца за да се одбележи преминот од реалниот во иреалниот свет, со што се креира една нова стварност во која децата ги реализираат своите соништа и своите желби, ја реализираат својата измислена игра, а пред сè - стекнуваат сознанија.
15. Во трудот **„Детските измислици и стварноста“** авторката на трудот преку еден роман за деца („Мојот брат од тринаесеттиот кат“) се обидува да прикаже два диспаратни света: светот на децата и светот на возрасните. Евидентна е окупираноста на родителите со стекнување на материјални добра при што ги занемаруваат децата, но на крај сфаќаат дека само децата се важни. Со тоа, авторката сугерира дека и возрасните знаат да подетинат и да се впуштат во детските игри.
16. Во трудот **„Егзотизмот на времето во научната фантастика за деца“** авторката на трудот се осврнува на специфичниот хронолошки пристап во третирањето на концептот на категоријата време, кој им дава можност на авторите на научната фантастика да им понудат на своите читатели мноштво необични авантури, во непознати и фантастични предели, да ги поттикнат на размислување не само за минатото, туку пред сè за нашиот сегашен начин на живот на планетата Земја, кој, без сомнение, има силен одраз врз нашата заедничка иднина.
17. Во трудот **„Губењето на идентитетот во македонската научнофантастична книжевност за деца и млади“** авторката го допира прашањето за губењето на идентитетот на човекот. Преку експлицитни примери од неколку македонски научнофантастични романи за деца и млади, авторката на овој труд посочува дека најчесто се даваат песимистички визии за ваквите утопистички организирани општества. Во нив животот, однесувањето и емоциите на луѓето се строго контролирани и управувани. Оттука, неизоставно авторката отворено го поставува прашањето: Каква е судбината на човештвото во денешниот високо технизиран и роботизиран свет, во кој во име на доброто, прогресот и подобрата и поубава иднина, во име на техничко-технолошката еволуција, се ограничува слободата на личноста, слободата на изборот? Зарем со тоа не само што се осиромашува човековата личност, туку и се застапува духовната инволуција на човештвото?
18. Во трудот **„Плетенка од фантастични и реалистични елементи“** авторката укажува на испреплетеноста на реалистичните и фантастичните елементи во современата македонска литература за деца и млади.
19. Во трудот „**Генеза македонске фантастичне прозе за децу“** авторката покажува дека фантастичната книжевност во македонската книжевност за деца има два извора: првиот извор е влијанието на писателите од западноевропската и светската литература, а вториот - фоклорот, поточно сказната и преданието.
20. Во трудот „**Митологија као инспирација“** авторката се осврнува на присуството на митолошките елементи во неколку дела од современи автори за деца и млади. Митолошкото влијание во нив се чувствува во темите кои се карактеристични за митот, но кои го нашле своето место и во современата книжевност за деца и млади. Една од тие теми за која се зборува во овој труд е темата на метаморфозата.
21. Во трудот “**Djetetova potraga za ljubavlju u području nadnaravnog**” авторката прави преглед на еден сегмент од фантастичната книжевност за деца, т.н. онирична фантастика каде што дејството се одвива во пределот на сонот.

22. Во трудот „**Дете као приповедач и реципиент**“ се разгледува постапката која често ја користат писателите за деца. Тоа е т.н. феномен на идентификација, каде што детето се појавува како активен и рамноправен раскажувач со авторот. На тој начин, авторот потенцира дека во наративната постапка не се заборава рецепиентот, а од друга страна, низ зборовите на детето, на најевидентен начин доаѓа до израз детската фантазија.
23. Во трудот **„Хуманизам према животињама као могућност за хуманизацију дечје личности**“ авторката се осврнува на еден мал корпус на дела од современата македонска книжевност за деца кои можат да придонесат за создавање и негување на хуманистичкото чувство кај децата и младите. Овој однос може да се развие и негува со создавање на чувство за грижа и етички однос кон животните и сиот жив свет во целина.
24. Во рецензијата „**Боите на животот**“ авторката се осврнува на стихозбирката за деца „Некои чудни бои“ од Васил Тоциновски која убаво кореспондира со сензибилитетот на современото дете, но нема да погрешиме ако кажеме дека таа има вонвременски карактер, зашто во неа ќе се пронајдат и современите деца, но и децата кои сè уште живеат и ќе живеат и во нас, возрасните.
25. Во рецензијата „**Химна на убавината на живеењето**“ авторката кажува дека детските очи можат да гледаат во човековата душа. Како што можат да ја видат завидливоста, злобата, очајот и извештаченоста на луѓето, исто така можат да ја видат и тагата, сочувството, благородноста. Секогаш оптимистички настроена, детската душа го слави животот околу себе и шири светлина, радост, игра.
26. Во рецензијата „**Детството како неисцрпна инспирација**“ авторката на трудот прави осврт врз стихозбирката „Ѕвони двапати“ од Васил Тоциновски и посочува дека таа ги опфаќа сите сегменти од детскиот свет, семејството, игрите, другарувањата, училиштето, првите симпатии. Авторот го следи детето насекаде и со негови очи го набљудува надворешниот свет.
27. Во трудот **„Злобната жена во македонските народни семејни песни и македонската народна балада**“ авторот го разгледува ликот на жената во македонската народна поезија. Најчесто, жената е прикажана во позитивна улога. Меѓутоа, има и примери во кои доаѓа до израз нејзината мрачна страна. Притоа, се издвојуваат семејните лирски песни и баладите за лични и семејни односи, во кои најчест мрачен лик на жена е ликот на лошата маќеа, сестрата-убиец на својот брат или сестра, мајката-убиец итн.
28. Во трудот **„Говорот на омразата и нетолеранцијата во македонската литература за деца и млади“** авторот отворено укажува дека современиот начин на живеење, како и многуте општествено-политички и економски услови во изминатите неколку децении во нашата држава донесоа многу турбулентни времиња за младите генерации. Младите луѓе, адолесцентите, на свои плеќи го почувствуваа напливот на новото од Запад, но и згаснувањето на традицијата. Многу од нив се обидоа да се пронајдат себеси и да ја бараат смислата на своето постоење, како и одговори на многу прашања кои ги измачуваат надвор од семејството, на неизвесните крстопати на улицата и животот. Барајќи начин посилно да се експонираат себеси, во нивниот секојдневен говор се почувствува влијанието на преку зборови со погрдно значење, а тоа најде свој одраз и во литературниот збор посветен на нив.
29. Во трудот „**Македонска народна књижевност у предметној настави у основном образовању и њена рецепција у различитим узрасним групама“** се прави анализа на застапеноста на разните жанрови од народната литература во наставата по мајчин (македонски) јазик во основното образование и функцијата за која се користат во наставата. Притоа, акцентот се става на наставната програма од V до VIII одделение во неколку училишта во Штип, Р. Македонија. Преку истражување, спроведено меѓу наставниците кои предаваат во предметната настава, т.е. од V до VIII одделение, се прави обид да се одговори на прашањата поврзани со рецепцијата на народната литература кај учениците од различни возрасни групи.
30. Во трудот „**Дилемата: еволуција или инволуција во македонската литература за деца и млади**“ авторката посочува дека сакајќи да создаде совршен свет, можеби и некаков вид утопија, човештвото ја искористи науката не само за создавање на

подобри услови за живот, туку и за да ја потврди онаа другата страна во себе, мрачна и уништувачка. Така, денес се чини дека технолошкиот напредок го зеде својот данок.

31. Во трудот „**Киндер квачка - прекрасен пример за ониричка фантастика“** авторката ја посочува извонредната симбиоза на реалистичните со чудесните и фантастичните елементи која ја остварил Киро Донев во романот „Киндер квачка“. Делото се одвива во реалистичен контекст, при што во сонот на детето доаѓа до израз неговата желба да се оддалечи од урбаниот амбиент, исполнет со секојдневни вербални дуели со родителите и сестричката и, со слободната игра на фантазијата, да се приближи кон природата, слободата, неомеѓената игра...
32. Во трудот „**Environmental education in Macedonian literature for children and juveniles as a way of humanization of children’s personality**“ авторката преку делата на неколку познати македонски писатели за деца укажува на начинот на кој може да се развива љубовта на децата кон животинскиот свет.
33. Во трудот „**За една можна паралела меѓу чудесното во македонската и хрватската книжевност за деца и млади**“ авторката се осврнува на две дела, едно од македонската и едно од хрватската книжевност за деца и млади, меѓу кои би можела да се воспостави релација во однос на нивните заеднички елементи. Блискоста меѓу овие два романи („Дрмливо патување“ од Тихо Најдовски и „Спортски живот летећег Мартина“ од Дубравко Јелачић Бужимски) авторот ја согледува во областа на фантастиката и областите со кои таа граничи – чудесното и реалистичното.
34. Во трудот „**Fantazmagorije ili stvarnost naučne fantastike za decu**“ целта на авторката е да се укаже на една од многуте карактеристики на жанрот научна фантастика, а тоа е надмоќноста во медицината и научно-технолошкиот развој кои се прикажуваат во современата македонска научнофантастична книжевност за деца и млади.
35. Во рецензијата „**Интересен сплет на животни пораки и мудрости**“ авторката се осврнува на стихозбирката „Приче са царског престола“ од Милутин Чуричковиќ која претставува големо богатство за децата. Исполнета со кратки раскажувачки прозни творби, кои можат да се наречат и цртици и записи, а се со сказновидна, реалистична или фантастична нотка, авторот на трудот посочува како поетот на еден ненаметлив, дискретен, но сугестивен начин, ја користи митолошката матрица, ја доработува, развива, за на крај преку неа да ја излее некоја животна вистина.
36. Во рецензијата „**Dobronamjerna i inovatna knjiga o svijetu najmlađih**“ авторката ја посочува особената вредност на стихозбирката „Снегуљица на дар“ која изобилува со хуморни и хедонистичко - оптимистички тонови со кои се проткаени песните. Тој хедонизам е вткаен во љубовта кон животните, односот кон играчките... Таквиот однос на децата кон животните појави има општочовечки карактер, бидејќи преку него се чувствува и алтруизмот на возрасните. Од тој аспект, авторката на рецензијата укажува дека збирката носи безброј длабоки животни пораки, кои се особено важни за децата од претшколска возраст.
37. Во коавторскиот труд **„Комуникацијата, ученик - литературно дело - наставник, основа на современите пристапи во наставата по литература“** зборува за иновативниот пристап кој треба да се применува во наставата по литература, со барање на нови наставни содржини кои треба да ја „пресликаат“ реалната состојба во која живееме, со цел да се „задржи“ ученикот во училишните клупи.
38. Во коавторскиот труд „**Децата на турската заедница и турското народно творештво во Република Македонија“** авторите се осврнуваат на турското народно творештво за децата од турската заедница во Р.Македонија. Овој дел сè уште не е доволно истражен и во нивно отсуство се поттикнува развивање на чувството за убавините на фолклорот кај децата, преку нивно ангажирање за собирачка дејност, во најмала рака – во рамките на семејството.
39. Во коавторскиот труд **„Детето, литературата и образованието“** се разгледува овој однос и притоа се укажува дека тој однос има исклучително значење, но и исто толкава одговорност, бидејќи детето претставува најголем залог за подобрата и поблагопријатна иднина на секој народ и земја. Затоа, секое цивилизирано општество, односно заедница, е должно да создаде соодветни услови за правилно воспитание

и развој на секое дете, без разлика на нацијата, религијата, расата и други негови особености. Секое дете треба да добие еднакви можности и шанса во однос на неговото образование и општ развој. Бидејќи, доживувањата на детето во детството длабоко се врежуваат во неговата душа, што подоцна се одразува врз неговиот однос и во општеството. Во тој поглед исто мислат речиси сите истражувачи на образованието на детето во светот.

40. Во трудот **„Том Соер и Пипи долгиот чорап - симбол на созревањето и слободата на детето“** се прави осврт кон два романи од светската книжевноста за деца и млади, Доживувањата на Том Соер и Пипи Долгиот Чорап, поточно се прави обид преку двата главни лика да се проговори за аспектот на слободата на детето и неговото созревање. Тоа е направено преку анализа на нивните реакции во секојдневни животни ситуации во кои тие се обидуваат да ја сочуваат својата слобода која за нив е нешто свето и тие се покоруваат само на законот на играта и фантазијата. Тоа, истовремено, ја покажува и желбата на детето за самодокажување и самопотврдување.
41. **„Том Соер и Хаклбери Фин - симбол на желбата на детето за слобода и самостојност“.** Во своите најпознати романи за деца и млади, „Авантурите на Том Соер“ и „Авантурите на Хаклбери Фин“, Марк Твен ни претставува два лика/деца кои се издвојуваат од останатите ликови во книжевноста за деца по својата исклучителност. За овие два главни лика, Том и Хак, нема нешто неостварливо и недопирливо. Тие влетуваат во авантури и покрај опасностите и неизвесноста од исходот на таа авантура. Нивната слобода за нив е нешто свето и тие се покоруваат само на законот на играта и фантазијата. Но, истовремено, тие ја покажуваат и желбата на детето за самодокажување и самопотврдување. Овие два романи, или поточно овие два лика мошне убаво ни го покажуваат растењето на детето и неговото израснување во зрел млад човек.
42. Во трудот **„*Очерки Белграда* од Константин Петкович – автентично сведоштво за мешањето на културите на Балканот**“ се разгледува патописот „Очерки Белграда“ од Константин Петкович, создаден непосредно по неговото дипломирање кај познатиот руски славист И.И. Срезневски. Овој негов труд е израз на одушевувањето на писателот од просветителските идеи кои биле широко распространети низ тогашна Европа. Како и кај сите европски познати просветители, па и кај македонските, така и Константин Петкович почувствува потреба и желба да се евидентира состојбата од соживотот во една мултикултурна средина, каква што во тоа време беше Белград, со измешано муслиманско и христијанско население.
43. Во авторскиот труд „**Творештвото на Хусејин Сулејман во контекст на целокупната книжевност за деца“** се разработува прашањето за некои општи одлики на творештвото за деца кај турските писатели. Имено, расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија се со воспитно-дидактички карактер, а една од најсиромашните страни на расказите за деца на првата генерација турски писатели во Република Македонија е отсуството на фантазија во нив.
44. Во трудот „**Парабола за самоодржувањето и опстанокот**“ авторот разгледува еден современ македонски роман за деца и млади кој е интересен во смисла на неговата дидактичка цел. Поуката во ова дело е суптилно изразена, низ сликање на животот на еден див јарец и сите искушенија и препреки со кои се соочува во својот долг живот на планината. Овој труд го истражува и односот на мајката и детето, улогата на мајката во созревањето на децата, во случај кога таткото е отсутен.
45. Во коавторскиот труд „**Естетското доживување во расказите за деца“** се разработува прашањето за влијанието на расказите за деца врз градење и негување на естетското чувство кај децата. Низ расказите детето сфаќа многу настани и ликови кои ќе го инспирираат на активно дејствување, не само во семејството, туку и во училиштето.

***Учество на домашни и меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири:***

1. Учество на научниот собир „Савремени тренутак у настави и науци“, Учителски факултет, Врање, Р.Србија, 8.5.2009.
2. Учество на 52 Змаеви детски игри на тема „Књига и дете данас“, во организација на Меѓународниот центар за книжевноста за деца, 4-5.6.2009, Нови Сад, Матица српска;
3. Учество на петтиот меѓународен интердисциплинарен симпозиум „Сусрет култура“, Филозофски факултет, Нови Сад, 1.12.2009;
4. Учество на научниот собир „Škola u prirodi kao factor socijalizacije i mogućnost suzbijanja nasilja u školi”, Учителски факултет, Врање, 4.12.2009;
5. Учество на научниот собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (Што направивме и што треба да се направи за македонската наука за јазикот)“, 25-26.2.2010, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
6. Учество на научниот собир „Савремена књижевност за децу и науци и настави“, Педагошки факултет, Јагодина, 20.0.2010.
7. Учество на Шестиот симпозиум „Васпитач у 21 веку“, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, 26-27.3.2010.
8. Учество на меѓународен научен собир „Златни данци-12“ на тема „Живот и дјеловање Вишње Стахуљак“, Филозофски факултет, Осиек, 8-9.4.2010.
9. Учество XIV на научниот собир *Денови на Благоја Корубин* на тема „Стандарднојазичната норма на македонскиот јазик“, Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 15.4.2010;
10. Учество на научниот собир „Језик, књижевност, промене“, 23-24.4.2010, Филозофски факултет, Ниш;
11. Учество на меѓународната интердисциплинарна стручно-научна конференција „Васпитно-образовни хоризонти“, Суботица, Висока школа струковних студија за образовање васпитача, 15-16 мај 2010;
12. Учество на 53 Змаеви детски игри на тема „Књижевност за децу у видокругу компаративних изучавања“, во организација на Меѓународниот центар за книжевноста за деца, 3-4.6.2010, Нови Сад, Матица српска;
13. Учество на научниот собир со меѓународно учество „Васпитање за хумане односе-проблеми и перспективе“, Филозофски факултет, Ниш, 17-18.9.2010.
14. Учество на четвртиот маѓународен конгрес „Исламска цивилизација на Балканот“, МАНУ, Скопје, 13-17.10.2010;
15. Учество на меѓународен научен собир „Filološka istraživanja danas“, Филолошки факултет, Универзитет во Белград, 26-27.11.2010.
16. Учество на “3 World conference on educational sciences”, 03-07.02.2010, Bahcesehir University, Истанбул, Турција.
17. Учество на третиот симпозиум „Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze”, Филозофски факултет, Риека, Р.Хрватска, 23-25.3.2011.
18. Учество на меѓународен научен собир „Zlatni danci-13“ на тема „Suvremena dečja književnost“, Филозофски факултет, Осиек, 7-8.4.2011.
19. Учество на 54. Змаеви детски игри на тема „Узрасни идентитети и књижевност за децу“, 2-3.6.2011, во организација на Меѓународниот центар за книжевноста за деца, Нови Сад, Матица српска.
20. Учество на 55. Змаеви детски игри на тема „Књижевност за децу и младе у родној перспективи“, 7-8 јуни 2012.
21. Учество на научен собир „Књижевност за децу и омладину-наука и настава“, Педагошки факултет, Јагодина, 6 април 2012.
22. Учество на Осмиот симпозиум „Васпитач у 21 веку“, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, 30-31.3.2012, Сокобања.
23. Учество на научен собир „Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце школског узраста“, Учитељски факултет, Врање, 23.11.2012.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доц. д-р Јованка Денкова од 1 февруари 2009 работи како продекан за настава. Во 2011 година повторно е избрана на истата функција. Од 6 декември 2012 година е назначена за в.д. декан на Филолошкиот факултет.

Во изминатиот изборен период таа ревносно ги извршува своите работни обврски како:

– координатор за кредит-трансфер систем на Филолошки факултет;
– координатор за практична настава на Филолошки факултет;
– координатор за е-учење за вработените на Филолошки факултет;
– координатор за Еразмус програмата на Филолошкиот факултет;
– член на Издавачки совет и Редакциски одбор на Годишен зборник на Филолошки факултет;
– член на Уредувачкиот одбор на списанието за теорија и пракса во воспитанието и образованието „Život i škola”, Filozofski fakultet-Osijek;
– претседател на Комисија за признавање на испити и други наставни прашања на Филолошки факултет;
– претседател на Комисија за самоевалуација на Филолошки факултет;
– претседател на Дисциплинска комисија;
– член на Комисија за измени и дополнувања на студиските програми;
– учесник во проектот „Лист хартија и обоено небо“ од 27.9.2010-1.10.2010 год. во организација на УГД;
– учесник во проектот „Е-учење и користење на ИКТ алатки во наставата“ (три фази, од јануари-јуни 2009 година).
– учесник во проектот „Македонија на Википедија“-УГД.

Сите објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатката доц. д-р Јованка Денкова до изборот во доцент се евалуирани и бодирани при изборот во доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката доц. д-р Јованка Денкова ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање *вонреден професор*.

Кандидатката д-р Јованка Денкова по изборот за доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност во полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) активност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа далеку го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно-научно звање *вонреден професор*.

Горенаведеното, секако, потврдува дека доц. д-р Јованка Денкова се афирмира како истакнат работник во својата професија.

Рецензентската комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **доц. д-р Јованка Денкова да биде избрана за наставник во звање *вонреден професор* за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Блаже Китанов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Мито Спасевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ НА ДОЦ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД 2008-2013 ГОДИНА КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| 1 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 8 | | 8 |
| 2 | Позитивно рецензиран практикум од вежби | 8 | | 8 |
| 3 | Предавања (2008/2009-2012/2013) | | | 49.5 |
| 4 | Вежби (2008/2009-2012/2013) | | | 9.75 |
| 5 | Рецензент на соработници | 2 | | 2 |
| 6 | Рецензент на наставници | 1 | | 1 |
| 7 | Статија во наставно- образовно списание | 1 | | 4 |
| **Вкупно поени од наставно-образовна дејност** | | | | **82.25** |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание (реден бр.1,2,5,12,15,16,30,31 се во земјава, а 4, 14, 40,29 се во странство (8x3x1.3=31.2 4x3x1.3=15.6) | 31.2 | 15.6 | 46.8 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден бр. 17,18,27, 28,37,38,42, се во земјата, а 3,7,8,19,21,22,23,32,33, 34,35, 39,44,45 се во странство) (во земјава-авторски 3x1x1.3=3.9 во земјава –коавторски 4x1x1=4) (во странство-авторски 9x2x1.3=23.4 коавторски-5x2x1=10) | 9.1 | 36.4 | 41.3 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (усно) (трудовите под ред.бр. 5,9,14 се во земјава(3x1.5), а трудовите под ред.бр. 1,2,3,4,6,7,8,10, 11,12,13, 15,16,17,18,19,20,21,22,23 се во странство 20x2) | 4.5 | 40 | 44.5 |
| 4 | Рецензии (10) и хроника (1) (реден бр. 9,10,11,12,13,24, 25,26,35,36) 11x1 | 11 | | 11 |
| **Вкупно поени од научноистражувачка дејност** | | | | **143.6** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| 1 | Продекан за настава | 8 | | 8 |
| 2 | Координатор за кредит- трансфер систем на Филолошки факултет | 4 | | 4 |
| 3 | Координатор за практична (клиничка) настава на Филолошки факултет | 4 | | 4 |
| | Координатор за е-учење за вработените на Филолошки факултет | 4 | | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | В.Д. декан | 12 | | 12 |
| 5 | Член на Уредувачки одбор на Годишен зборник на Филолошки факултет | 2 | | 2 |
| 6 | Претседател на Комисија за признавање на испити и други наставни прашања на Филолошки факултет | 2 | | 2 |
| 7 | Претседател на Комисија за самоевалуација на Филолошки факултет | 2 | | 2 |
| 8 | Претседател на Дисциплинска комисија | 2 | | 2 |
| 9 | Член на Комисија за измени и дополнувања на студиските програми за прв и втор циклус | 2 | | 2 |
| **Вкупно поени од САОР** | | | | **42** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно поени од НО+НИ+САОР** | **267.85** |